# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 23 јануари 1968
Скопје
Број 2 Год. XXIV

Претплатата за 1968 год. изнесува 55 (5.500) дин. Овој број чини 1,60 (160) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**3.**

Врз основа на член 58 став 2 од Законот за финансирање на општествено-политичките заедници во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 9/65 и 5/67), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПОМОШ ЗА САНИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР, КИЧЕВО, ОХРИД И СТРУГА

1. Од средствата на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија како помош за санирање на последиците од земјотресот од 30. XI. 1967 година, на општините Гостивар, Кичево, Охрид и Струга им се доделуваат средства во следните износи и тоа на општините:

| | |
|---|---|
| Гостивар | 400.000 динари |
| Кичево | 150.000 „ |
| Охрид | 250.000 „ |
| Струга | 550.000 „ |

2. Средствата од претходната точка се доделуваат без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-52/1
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**4.**

Врз основа на член 34 став 3 од Законот за шумите („Службен весник на НРМ“ бр. 11/62 и „Службен весник на СРМ“ бр. 16/65), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ПОСЕБНАТА НАМЕНА НА ШУМИТЕ ДОДЕЛЕНИ НА ШУМСКАТА ОПИТНА СТАНИЦА „КАРАОРМАН“ КИЧЕВО

Член 1

Посебната намена на шумите утврдена со Уредбата за основање Шумска опитна станица „Караорман“ на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје („Службен весник на НРМ“ бр. 2/52) престанува.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2720/1-67
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**5.**

Врз основа на член 80 став 1 од Основниот закон за избор на работнички совети и други органи на управувањето во работните организации („Службен лист на СФРЈ“ бр. 15/64), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ФОНИЈАТРИСКО-АУДИОЛОШКИОТ ЦЕНТАР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За членови на Конкурсната комисија за спроведување на Конкурсот за именување директор на Фонијатриско-аудиолошкиот центар на Социјалистичка Република Македонија во Скопје се именуваат:

1. Проф. д-р ХРИСТО ДУМА, директор на Детската клиника во Скопје и

2. АЛОЈЗ ПИПАН, директор на Заводот за социолошки прашања на СРМ.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 14-3034/1
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**6.**

Врз основа на член 80 став 1 од Основниот закон за избор на работнички совети и други органи на управувањето во работните организации („Службен лист на СФРЈ“ бр. 15/64), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За членови на Конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување директор на Заводот за водостопанство на СР Македонија во Скопје, се именуваат:

1. инж. АЛЕКСАНДАР ЃОРЕВСКИ, редовен професор на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје и

2. инж. ВЛАДИМИР ЛИПКОВСКИ, пратеник во Стопанскиот собор на Собранието на СРМ.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 14-3006/1
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

7.

Врз основа на член 80 став 1 од Основниот закон за избор на работнички совети и други органи на управувањето во работните организации („Службен лист на СФРЈ“ бр. 15/64), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

I. За членови на Конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување директор на Архивот на Македонија во Скопје, се именуваат:

1. Акад. МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ, директор на Институтот за национална историја и

2. д-р ДАНЧО ЗОГРАФСКИ, професор на Економскиот факултет во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 14-3029/1
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

8.

Врз основа на точка I од Одлуката за определување состав на конкурсни комисии на стопански организации во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/67), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА И ЗАСТАПУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ФИРМИ „ИНТЕРИМПЕКС“ ВО СКОПЈЕ

I. За членови на Конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување директор на Претпријатието за унапредување на надворешнотрговската размена и застапување на странски фирми „Интеримпекс“ во Скопје, се именуваат:

1. ВАНЧО УНКОВСКИ, сојузен пратеник и

2. д-р ТОДОР РУШКОВ, доцент на Правниот факултет во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 1002/2-106/1
5 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

9.

Врз основа на член 16 од Законот за рибарство („Службен весник на НРМ“ бр. 15/59 и „Службен весник на СРМ“ бр. 16/65), Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ РИБОЛОВНИ ВОДИ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ

I

Во став 1 под I од Наредбата за одредување риболовни води за стопански риболов („Службен весник на НРМ“ бр. 6/60 и 21/62) и („Службен весник на СРМ“ бр. 16/64 по точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:

„Делот на реката Црни Дрим од бетонската заторачница која се наоѓа 850 метри од излезот на реката од Охридското Езеро, низводно, до бетонскиот далјан“.

II

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 05-2560/67
16 јануари 1968 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**Инж. Трајко Апостоловски,** с. р.

10.

Врз основа на член 16 од Законот за рибарство („Службен весник на НРМ“ бр. 15/59 и „Службен весник на СРМ“ бр. 16/65), Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЛОВОСТОЈ НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ РИБИ И РАКОВИ

I

Во точка I од одделот Б под 1) од Наредбата за одредување ловостој на одредени видови риби и ракови („Службен весник на НРМ“ бр. 6/60) зборот „речни“ се брише.

II

Оваа наредба влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 05-2560/67
16 јануари 1968 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**Инж. Трајко Апостоловски,** с. р.

11.

Врз основа на членот 46 став 1 точка 3 од Законот за мерките за безбедност на сообраќајот на јавните патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65), републичкиот секретар за внатрешни работи пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Член 1

Технички преглед на моторни и приклучни возила (технички преглед) врши општински орган за внатрешни работи (орган) или овластена работна или друга организација (овластена организација).

Органот врши технички преглед ако се исполнети условите од членот 2 од овој правилник.

Овластување за вршење технички преглед на работна или друга организација издава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи (Републичкиот секретаријат).

Член 2

Овластувањето од членот 1 став 3 од овој правилник се издава на работна или друга организација која располага со уреди за испробување исправноста на сопирачкиот механизам и светлата и со други уреди и инструменти потребни за утврдување исправноста на моторното и приклучното возило (возило), како и со канал и доволен професионален стручен и квалификуван кадар за утврдување на технички и други исправности на возилото.

Член 3

Издаденото овластување за вршење технички преглед Републичкиот секретаријат ќе го стави вон сила ако престане да постои еден од условите од членот 2 од овој правилник.

Овластувањето може да се стави вон сила и во случај кога овластената организација не се придржува кон одредбите на овој правилник.

Член 4

Органот или овластената организација вршат технички преглед на возило без оглед каде е возилото регистрирано или каде тоа ќе се регистрира.

Член 5

Пред да се пристапи кон технички преглед се утврдува дали внесените податоци во сообраќајната дозвола односно во пријавата за регистрација се идентични со стварната состојба на возилото. Ако при тоа се установи неслагање помеѓу податоците и стварната состојба на возилото, органот односно овластената организација ќе одбие да изврши технички преглед за што ќе го извести општинскиот орган за внатрешни работи.

Член 6

Органот или овластената организација, до донесувањето на пропис кој ќе ја регулира материјата за уредите и опремата на возилата кои сообраќаат на патиштата и за техничките услови за одредени уреди на тие возила, вршат технички преглед на уредите што служат за управување и запирање на возилото; осветлување на пат; означување на возилото и давање знаци на другите учесници во сообраќајот и за приклучување на приколката, како и на гумите, долната постројка (федери, цугови, шасија, кардан, диференцијал), вратите, огледалата, брзинометарот и звучниот сигнал.

Член 7

За извршениот технички преглед се составува записник (образец бр. 1).

Примерок од записникот овластената организација доставува на општинскиот орган за внатрешни работи и на органот или организацијата чие е возило, односно на сопственикот, ако возилото е технички неисправно.

Овластената организација задржува за своја евиденција еден примерок од записникот.

Член 8

Техничката исправност на возилото се потврдува на картонот за технички преглед на моторно-приклучно возило пропишан со Правилникот за регистрација на моторни и приклучни возила („Службен лист на СФРЈ“ бр. 20/67).

Член 9

Органот односно овластената организација за извршениот технички преглед води книга на евиденција за прегледаните моторни и приклучни возила (образец бр. 2). Овластената организација е должна од оваа евиденција да доставува извештаи на барање на општинскиот орган за внатрешни работи или Републичкиот секретаријат.

Член 10

Овластувањата за вршење технички преглед издадени до влегувањето во сила на овој правилник важат до 29 февруари 1968 година.

Член 11

Обрасците бр. 1 и 2 се напечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Обрасците од претходниот став ќе се употребуваат од 1 март 1968 година.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-19824/2
5 јануари 1968 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Иван Гиновски,** с. р.

Образец бр. 1

———————————————
(назив на органот или овластената организација)

рег. бр. ——————

——————
(место)

З А П И С Н И К
за извршен технички преглед

Составен во ———————————— (место на извршениот технички ——— преглед) од страна на ———————— (назив на органот или овластената организација) ———————— на ден ——————— година во управната работа — редовен технички преглед за регистрација на возило односно продолжување важноста на регистрацијата на возилото. Стручни лица кои го вршат

техничкиот преглед:

1. ————————————
2. ————————————
3. ————————————

Странка: ————————

Записничар: ————————

Врз основа на овластувањето бр. ———— од ————— година издадено од Републичкиот секретаријат за внатрешни работи извршен е технички преглед на моторното-приклучно возило рег. бр. ————, вид ————, марка ————, број на шасијата ———— и број на моторот ————.

По извршениот технички преглед е установена следната состојба:

Наведеното моторно-приклучно возило е технички исправно.

Наведеното моторно-приклучно возило е технички неисправно, и тоа: ————————

————————————————————

————————————————————

————————————————————

Записникот е прочитан на лицата кои присуствувале на техничкиот преглед и на него не се ставени никакви забелешки.

Странка

————————

Записничар

————————

Стручни лица

1. ————————
2. ————————
3. ————————

Образец бр. 2
(38 x 23)

## ОБРАЗЕЦ НА КНИГАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕДАНИТЕ МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

| Ред. број | Дата на преглед. | Податоци на сопственикот-носителот на правото за користење на возилото | | Податоци за возилото | | | | | Податоци за техничката неисправност | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | вратено | | | | |
| | | Презиме и име односно назив | Место и адреса на станот-седиштето | рег. број | вид | марка | број на пасијата | број на моторот | прв пат | втор пат | трет пат | Опис на неисправноста | |

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување на загубено свидетелство за завршена вечерна трговска школа во Прилеп, во учебната 1929 година, на име Богатиноски Митев Благоја од Прилеп, ул. „Партизанска“ бр. 27.

Се поканува секое лице кое го нашло или ќе го пронајде горенаведеното свидетелство, да јави на овој суд во срок од 3 месеци од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 1063/67 година. (1)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред Општинскиот суд во Кавадарци е покрената постапка за амортизација на чековите бр. 260293 и 260294, издадени од Комерцијалната банка — Кавадарци на вкупна сума од 2.000 нови динари, на име Боро Петров од Кавадарци.

Се поканува секој што има интерес истите чекови да не се поништат или оние кои ги поседуваат чековите по било која основа, да јават на овој суд и да стават приговор против поништувањето, во срок од 30 дена по бјавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“.

Во противно по истекот на горниот срок чекот ќе се смета за поништен.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, 12. XII. 1967 год. (2)

## ЛИКВИДАЦИЈА

Со решение Л. бр. 5/64 од 14. XI. 1967 година на Окружниот стопански суд во Битола, заклучена е постапката за присилна ликвидација на земјоделската задруга „Миха Нечовски“ од село Сопотско која е избришана од регистарот на регистарското одделение на овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Л. бр. 5/64. (167)

## РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 1056, страна 255, книга V е запишана под фирма: Набавно-продажна задруга „Треска“ — Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бр. 12. Предмет на работењето на задругата е: вршење откуп на сите видови земјоделски производи, снабдување со прехранбени порачки и сточна храна, снабдување со репродукциони материјали, како и други услуги за унапредување на земјоделството.

Задругата е основана од основачите на основачкото собрание на 7. IV. 1967 година и тоа: Јовановски Панто, Јовановски Благоја, Брашковски Ангеле, Ѓорѓијевски Стојанче, Ѓорѓиевски Санде, Бошковски Добре, Анѓеловски Санде, Бошковски Благоја, Јовановски Добре, Јовановски Андреа, Бошковски Андреа, Бошковски Трпе, Петровски Трајан, Петровски Перо, Трпчевски Никола, Трпковски Трпко, Петровски Тодорче, Трпевски Трипун, Трпчевски Митре, Петровски Иван, Димче Петровски, Трпчевски Божин, Јовчевски Драгутин, Кицевски Јордан, Анѓеловски Трајко, Здравковски Никола, Петровски Трпе, Ѓорѓиевски Илија, Петровски Борис, Димовски Трајан, Кицевски Спиро, Мицевски Славко, Кицевски Санде, Трајчевски Анто, Бошковски Саво, Неџипи Фејзула, Фејзула Веби Рамиз, Чајли Кадри, Чајли Ибраими Зекир, Чајли Зенун, Али Акиф, Али Фета Зеадин, Али Бафти, Јатиш Мусли, Садики Абедин, Емини Дервиш, Шемси Решат и Шерифи Шериф.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Цветковски Лазо, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Членови на привремениот управен одбор се: Ангеловски Санде, Фејзула Рамиз, Аврамовски Ѓоко, Белули Мемед, Трпчевски Николче, Муамед Исмаил, Ајдари Риза. Претседател на управниот одбор е Фејзула Рамиз.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 414 од 9. V. 1967 год. (808)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 26. I. 1967 година, страна 106, реден број 2 е запишано проширувањето на дејноста на Молеро-фарбарската задруга „Луксуз“ од Струмица уште со три погонски единици и тоа: тапетарски, тераџерски и коларо-ковачки.

Проширувањето на дејноста на задругата е запишано во регистарот, врз основа одлуката бр. 2 од 14. I. 1967 година на работничкиот совет на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 23/67. (289)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 9. I. 1967 година, страна 56, реден број 12 е запишано проширувањето на дејноста на Продавницата, со седиште во Штип, ул. „Партизанска“ бр. 26, на Земјоделската задруга „Бандера“ од с. Драгоево, Штипско. уште со продажба на зеленчук, алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Проширувањето на дејноста е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 1370 од 16. XI. 1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 264/66. (296)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 10. Ш. 1967 година, страна 114, реден број 5 е запишана под фирма: Фабрика за лупење оризова арпа (луштара) со седиште во село Горни Подлог, Кочанско. Предмет на работењето на фабриката е преработување на оризова арпа од сопствено производство откупена од индивидуалните производители и вршење услуги. за пари.

Фабриката за лупење на ориз е основана од страна на Земјоделската задруга „Моша Пијаде" од с. Горни Подлог, Кочанско.

Раководител на фабриката е Миле Николовски, кој не е овластен даја претставува и потпишува. Потпишувањето ќе го врши директорот на задругата.

Основањето на фабриката е запишано во регистарот, врз основа одлуката бр. 348 од 2. Ш. 1967 година, на задружниот совет.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 62/67. (679)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите ,рег. бр. 54, страна 211, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Слога" село Никуљане — Продавница број 1 во село Четирце.

Предмет на работењето на продавницата е продажба на земјоделско-прехранбени производи, колонијални и индустриски стоки.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Слога" од село Никуљане со одлука на задружниот совет и решението бр. 04-1739/1 од 23. П. 1967 година на Собранието на општината Куманово.

Раководител на продавницата е Стојановиќ Мирко Милан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 273 од 11. IV. 1967 година. (816)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 25. IV. 1967 година, страна 118, реден број 1 е запишана под фирма: Варџиско-производна задруга „Кооперант", со седиште во Струмица. Предмет на работењето на задругата е производство на вар и продажба на вар на мало и големо.

В. д. управник на задругата е Тодор Георгиев.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката на работничкиот совет на задругата составен од група граѓани — основачи: Тодор Георгиев, Петруш Кочов, Атанас Георгиев, Ванчо Коцев, Ѓеорге Георгиев, Алекса Георгиев, Васил Коцев, Томе Илошев, Павло Илошев, Васил Митев, Трајко Николов, Благој Георгиев и Павло Георгиев.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 130/67. (691)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 14. Ш. 1967 година, страна 116, реден број 7 е запишан под фирма: Угостителски дуќан, со седиште во село Пиперово, Струмичко. Предмет на работењето на дуќанот е: продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци услуги за приготвување сувомесни јадења (скара).

Дуќанот е основан од страна на Земјоделската задруга „Единство" од село Пиперово, Струмичко.

Раководител на дуќанот е Борис Ванчов Ѓоргиев, кој не е овластен да го потпишува. Потпишувањето ќе го врши директорот на задругата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 58 од 10. П. 1967 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 63/67. (708)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 14. Ш. 1967 година, страна 116, реден број 6 е запишана под фирма: Продавница со седиште во село Пиперово, Струмичко. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите колонијални стоки на мало.

Продавницата е основана од страна на Земјоделската задруга „Единство" од с. Пиперово, Струмичко.

Раководител на продавницата е Томе Василев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го врши директорот на задругата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 59 од 10. П. 1967 на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 64/67. (709)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 44, страна 269, книга П е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров — Продавница со стовариште во Ѓорче Петров. Предмет на работењето на продавницата-стовариштето е продажба на мало и големо на градежни материјали.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров, со одлука од одржаниот состанок на 10. IV. 1967 година.

Раководител на продавницата е Петровски Стојмир.

Продавницата со стовариштето ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 346/67 од 21. IV. 1967 год. (761)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 44, страна 269. книга П е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров — Продавница во Ѓорче Петров на ул. „Маршал Тито". Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки на мало (класична продавница).

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров, со одлука бр. 444 од 3. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Колев Јован.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 422/ од 12. V. 1967 година. (809)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег, бр. 44, страна 269, книга П е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров — Склад во Ѓорче Петров (до пругата на железничката станица). Предмет на работењето на складот е откуп на земјоделски производи и продажба на големо и мало.

Складот е основан од задружниот совет на Земјоделската задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров, со одлука бр. 444 од 3. V. 1967 година.

Раководител на складот е Бошковски Ангеле.

Складот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 448 од 12. V. 1967 година. (810)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 46, страна 181 е запишана под фирма: Ловечка задруга „Ловец" — Скопје — Продавница во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 49. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало и големо на оружје, муниција, експлозив, ловен, риболовен, спортски прибор и комисиона продажба на оружје.

Продавницата е основана од Ловечката задруга „Ловец" — Скопје, со одлука бр. 605 и решението бр. 03-3904/1 од 18. V. 1966 година на Собранието на општината Титов Велес.

Раководител на продавницата е Тодоров Драган.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 443 од 12. V. 1967 година. (834)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 727, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Изворски", село Богданци — Продавница во Гевгелија, ул. „Маршал Тито". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на млеко и млечни производи, сувомесни производи, сите видови конзерви, деликатесни стоки и други колонијални стоки на мало.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Изворски" село Богданци, со одлука бр. 1529 од 26. IV. 1967 год.

Раководител на продавницата е Кралева Слободанка.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 436/ од 12. V. 1967 година. (903)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 130, страна 29, книга II е запишана под фирма: Општа земјоделска задруга „Ристо Харламбов" с. Фурка, Гевгелиско. Предмет на работењето на задругата е: да организира кооперација со индивидуалните производители со средства на задругата и производителите на земјоделско и сточарско производство; да откупува и да го пласира производството од индивидуалните производители; да ги снабдува индивидуалните производители со репродукциони материјали и да ги кредитира земјоделците за зголемување на производството и сточарските производи; да врши откуп на тутуновото производство во кооперација и соработка со индивидуалните производители на подрачјето на село Фурка; да ги снабдува производителите со прехранбени производи; врши услуги со своите машини и да им дава стручна помош на производителите на подрачјето на село Фурка.

Задругата е основана од основачите на основачкото собрание одржано на 12.IV.1967 година и тоа: Николов Никола, Гогов Н. Стојан, Пеливанов Алексо, Захов Живко, Гуцин Ристо, Николов Коста, Гуцин Ѓорѓе, Тодоров Ристо, Пеливанов Душан, Делев Никола, Ристов Тодор, Минчев Стојан, Илиев Александар, Стамков Иван, Стамков Алекса, Танев Перо, Голубов Ѓорѓе, Илиев Стојан, Илиев Ефтим, Стоименов Лазар, Илиев Иван, Илиев Љубинко, Илиев Илија, Тодоров Мито, Делев Иван, Ризов Ѓорѓе, Кочов Илија, Кочов Ристо, Танев М. Душан, Стамков Г. Стојан, Јанчев Ристо, Ангов Анго, Николов Димитар, Стамков Ристо, Стојанов Ефтим, Ризов М. Илија, Танев Ефтим, Ризов Никола, Минчев Ристо, Јованов Јован, Илиев М. Борис, Минчев Р. Каме ,Атанасов Атанас, Ризов Ѓорѓе, Стамков Иван, Јанчев С. Раде, Стојанов Р. Кирил, Бакалов Васил, Сапонџиб Борис, Сапонџиба Велика, Атанасов С. Илија, Делев Лефтер, Тодоров Ристо, Ангов Л. Петар, Танев Л. Васил, Танев Г. Ристо, Иванов Живко, Тодоров Љубинко, Николов Ристо, Захов Коста и Голубов Марче.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Стојанов Иван Ефтим, в.д. директор,

Членови на привремениот управен одбор се: Алекса Пеливанов, Стамков Иван, Тодоров Мито, Минчев Стојан, Делев Милан, Никола Делев и Илиев Александар. Претседател на управниот одбор е Минчев Стојан.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 398 од 25. V. 1967 година.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 98, страна 463, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Слога" с. Уминдол, Кумановско, — Продавница во село Љубодраг. Предмет на работењето на продавницата е продажба на земјоделски, прехранбени, непрехранбени и индустриски производи.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Слога" с. Умин Дол со одлука број 134 од 17. I. 1967 година.

Раководител на продавницата е Младеновски Владимир.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 452 од 12-V-1967 година. (927)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 5, страна 57, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Земјоделската задруга „Копачка" с. Извор, Кичевско, и тоа Ангелески Бранко и Милески Софре им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на Земјоделската задруга „Копачка", с. Извор се назначени Гавриловски Стево, директор, и Ристеска Винка, книговодител, кои задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Дамјановски Ѓоре, шеф на книговодството, сметано од 2-III-1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 231 од 26-V-1967 година. (937)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 18-II-1966 година, страна 71, реден број 2 е запишано следното. Досегашниот претседател на Општата земјоделска задруга „Карпош" с. Панчарево, Беровско, останува и натаму потписник на задругата, но не како претседател, туку како накупец, а на негово место за управник е назначен Стоица Ј. Златковски, кој е овластен да ја претставува и потпишува задругата.

Правото на потпишување на досегашниот книговодител Димитар Цонев му престанува.

Промените на потписниците се запишани во регистарот, врз основа одлуката бр. 18 од 3-II-1966 година, на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 40/66. (980)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 21, страна 81 е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Југ" с. Јанчиште — Продавница во село Раотинце, Тетовско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на следните стоки: брашно, шеќер, сол, зејтин, ориз, бонбони, карамели, чоколади, маргарин, билна маст, кекс, локум, слатко, мармалад, различни супи, гриз, пакувана туршија, различни конзерви, различни паштети и сардини, различни сувомеснати производи, сирење и различни кашкавали; порцелан, електрични уреди, сијалици, пегли, реша, боја за чевли, сапун, прашок за перење; цигари, кибрит, машинки за бричење; шајки, шини, оски, вили, коси, лопати, мотики, ашови, секири, грабули, гумени опинци, гуми за велосипеди, патики, кондури, бицикли, радија, телевизори, креденци, шифоњери, кревети, столици, хоклици, маси, школски прибор, игли, огледала, чешли, копчиња

граф, компир, пипер, патлиџан, краставици, салата, купус, јаболки, круши, мушмули, грозје, лимуни, портокали, кромид, лук, бостан, банани. Пијалоци: вино, ракија, рум, ликер, мастика, пиво, оранжади, различни сокови; сите пијалоци во затворени шишиња. Продавницата ќе ги продава сите индустриски, прехранбени и земјоделски стоки, како и пијалоци, сите видови во затворени шишиња.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Југ" од село Јанчишта, со одлука бр. 68 од 23-V-1967 година.

Раководител на продавницата е Зафировски Апостолов Цене.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 511 од 31-V-1967 година.

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 18-V-1966 година, страна 109, реден број 23 е запишано следното: Досегашниот в.д. директор на Земјоделската задруга „Бошко Петров" од Злетово е разрешен од должност. На негово место за директор се именува Јанко Зиков Миновски.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа решението бр. 943 од 31-XII-1966 година, на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 57/66. (999)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 15-IV-1966 година, страна 109, реден број 22 е запишано следното: Престана со работа Мешовитото трговско претпријатие на мало „Злетовица" од Злетово, бидејќи истото со целата актива и пасива се присоедини кон Земјоделската задруга „Бојко Петров" од Злетово.

Престанокот на работата на претпријатието е запишан во регистарот врз основа одлуката бр. 201 од 5-VII-1965 година на работничкиот совет на Претпријатието „Злетовица" — Злетово и одлуката бр. 942 од 31-XII-1965 година на Земјоделската задруга „Бошко Петров" — Злетово.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 36/66. (1002)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-VI-1966 година, страна 111, реден број 9 е запишана промената на досегашниот управник на Земјоделската задруга „Задругар" од Виница, Кочанско, Димитар Тимов Костадинов, на чие место за директор е именуван Драган Радимиров Јаневски.

Промената на управникот е запишана во регистарот врз основа решението бр. 253 од 2-IV-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 93/66. (1003)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 91, реден број 4 е запишано присоединувањето на Минералната бања од с. Бања, Кочанско кон Земјоделската задруга (СРЗ) „Гоце Делчев" од село Облешево, Кочанско, со целокупната актива и пасива.

Присоединувањето е запишано во регистарот, врз основа одлуката бр. ЗС-9 од 26-II-1966 година на работната заедница на задругата, и одлуката бр. 18 од 26-II-1966 година на Работната заедница на Бањата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 88/66. (1004)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 8-IV-1966 година, страна 97, реден број 3 е запишана промената на досегашниот в.д. управник на Земјоделската задруга „Единство" од село Робово, Пехчевско, на чие место за управник е именуван Глигор Близнаковски.

Промената на в.д. управникот е запишана во регистарот врз основа одлуката бр. 198 од 7-IV-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 78/66. (1018)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 70, реден број 3 е запишан престанокот на работата на Земјоделската задруга „Бобовец" од село Ињево, Радовишко, бидејќи истата се соедини со Земјоделската задруга „Пилав Тепе" с. Дамјан, Земјоделската задруга „Илинден" — Радовиш, Земјоделската задруга „Напредок" — Радовиш, Земјоделската задруга „Лакавица" с. Конче, Земјоделската задруга „Јанкулица", с. Ракитец, Земјоделската задруга с. Јаргулица, Земјоделската задруга „Димитар Влахов", с. Подареш, Земјоделското стопанство „Благој Туфанов", Радовиш и Мелиоративната опитна станица, Радовиш, кои заеднички образуваат еден нов комбинат, под име: Земјоделско-индустриски комбинат „Радовишко Поле", со седиште во Радовиш.

Престанокот на работата на задругата е запишан во регистарот врз основа одлуката бр. 28 од 15-I-1966 година на задружниот совет на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 61/66. (1027)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 21, реден број 3 се запиша престанокот на Земјоделската задруга „Пилав Тепе" од село Дамјан, Радовишко, бидејќи истата се соедини со Земјоделската задруга „Илинден", Радовиш, Земјоделската задруга „Напредок, Радовиш, Земјоделската задруга „Бобовец" с. Ињево, Земјоделската задруга „Лакавица", с. Конче, Земјоделската задруга „Јанкулица", с. Ракитец, Земјоделската задруга „Гоце Делчев", с. Јаргулица, Земјоделската задруга „Димитар Влахов", с. Подареш, Земјоделското стопанство „Благој Туфанов" Радовиш, и Мелиоративната опитна станица, Радовиш, кои заеднички образуваат еден нов комбинат, под име: Земјоделско-индустриски комбинат „Радовишко Поле", со седиште во Радовиш.

Престанокот на работата на задругата се запиша во регистарот врз основа одлуката бр. 23 од 15-I-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 63/66. (1028)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 83, реден број 2 е запишан престанокот на работата на Земјоделската задруга „Напредок" од Радовиш, бидејќи истата се соедини со Земјоделската задруга „Бобовец" — с. Ињево, Земјоделската задруга „Пилав Тепе" — с. Дамјан, Земјоделската задруга „Илинден", Радовиш, Земјоделската задруга „Лакавица" — с. Конче, Земјоделската задруга „Јанкулица" — с. Ракитец, Земјоделската задруга „Гоце Делчев" — с. Јаргулица, Земјоделската задруга „Димитар Влахов" — с. Подареш, Земјоделското стопанство „Благој Туфанов" — Радовиш и Мелиоративната опитна станица — Радовиш, кои заеднички образуваат еден нов комбинат под име: Земјоделско-индустриски комбинат „Радовишко Поле", со седиште во Радовиш.

Престанокот на работата на задругата е запишан во регистарот врз основа одлуката бр. 2 од 15-I-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 64/66. (1029)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 98, реден бр. 6 е запишан престанокот на Земјоделската задруга „Илинден" од Радовиш, бидејќи истата се соедини со земјоделската задруга „Напредок" — Радовиш, Земјоделската задруга „Бобовец" — с. Ињево, Земјоделската задруга „Пилав Тепе" — с. Дамјан, Земјоделската задруга „Лакавица" — с. Конче, Земјоделската задруга „Јанкулица" — с. Ракитец, Земјоделската задруга „Гоце Делчев" — с. Јаргулица, Земјоделската задруга „Димитар Влахов" — с. Подареш, Земјоделското стопанство „Благој Туфанов" — Радовиш и Мелиоративната опитна станица — Радовиш, кои заеднички образуваат еден нов комбинат, под име: Земјоделско-индустриск комбинат „Радовишко Поле", со седиште во Радовиш.

Престанокот на работата на задругата е запишан во регистарот врз основа одлуката бр. 8 од 15-I-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 65/66. (1030)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 14-IV-1966 година, страна 71, реден број 6 е запишан новоназначениот потписник на Земјоделската задруга „Летни Врх" од с. Раборци, Струмичко, Александар Лазаров Делчев, книговодител, кој заедно со управникот Петруш Божинов ќе ја потпишува жиро-сметката на задругата.

Дополнувањето на потписниците е запишано во регистарот, врз основа одлуката од 12-II-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 84/66. (1051)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите ,на 13-V-1966 година, страна 53, реден број 9 се запишани следните погони на Земјоделската задруга „Гоце Делчев" од с. Лесковица:

1. Млин со седиште на 20 километри на патот Штип — Радовиш. Предмет на работењето на млинот е мелење на брашно за исхрана на луѓето и сточна храна.

Раководител на млинот е Димитар Камчев.

2. Угостителски дуќан — бифе, со седиште во село Лесковица. Предмет на работењето на бифето е точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Раководител на бифето е Ружа Вукмановиќ.

Овластените раководители на погоните немаат право истите да ги потпишуваат.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа одобрението бр. 05-9570 од 31-I-1966 година на Одделението за стопанство при Собранието на општината Штип и одлуката од 8-XI-1965 година на задружниот совет на задругата (за основање на бифето), одобрението бр. 05-173 од 31-I-1966 година на Одделението за стопанство при Собранието на општината Штип како и одлуката од 8-XI-1966 година на задружниот совет на задругата, со која е основан млинот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 58/66. (1072)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 21, страна 81 е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Југ", с. Јанчиште — Продавница во село Прељубиште, Тетовско. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на брашно, шеќер, сол, зејтин, ориз, бонбони, карамели, чоколади, маргарин, билна маст, кекс, локум, разни слатка, мармелад, алва, фиде, макарони, разни супи, гриз, пакувана туршија, разни конзерви, разни паштети и сардини, разни сувомесни производи, сирење и разни кашкавали; порцелан, електрични уреди, шпорети, сијалици, пегли, реша, боја за чевли, сапун, прашоци за перење, цигари, кибрит, машинки за бричење, шајки, шини, оски, вили, коси, лопати, мотики, ашови, секири, грабули, гумени опинци, гуми за велосипеди, патики, чевли, велосипеди ,радија, телевизори, креденци, ормани, кревети, столици, столчиња, маси, школски прибор, игли, огледала, чешли, разни копчиња; грав, компир, домати, краставици, салата. зелка, јаболки, круши, мушмули, грозје, лимуни, портокали, кромид, лук, бостан и банани; разни пијалоци и тоа: вино, ракија, рум, ликер, мастика, пиво, оранжади, разни сокови, сите пијалоци во затворени шишиња; сите индустриски, прехранбени и земјоделски стоки и сите видови пијалоци.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга "Југа" од село Јанчиште со одлука бр. 83 од 11-VI-1967 година.

Раководител на продавницата е Ѓорѓиевски Трпов Стоислав.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 573 од 16-VI-1967 година. (1014)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 74, страна 297 е запишана под фирма: Земјоделската задруга "Единство" с. Челопек, Тетовско — Продавница број 1 во село Челопек. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриски, прехранбени и други артикли од широка потрошувачка на мало.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Единство" село Челопек, со одлука од 26-V-1967 година.

Раководител на продавницата е Милан Стојановски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 571 од 16-VI-1967 година. (1067)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 74, страна 297, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Единство" село Челопек, Тетовско — Продавница број 2, во село Челопек. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриски, прехранбени и други артикли од широка потрошувачка.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Единство" од село Челопек, со одлука од 26-V-1967 година.

Раководител на продавницата е Имерзеди Беџети.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 570 од 16-VI-1967 година. (1068)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, страна 82, реден број 10 е запишана под фирма: Механичка-ковачко-налбатска работилница, со седиште во с. Босилово, Струмичко. Предмет на работењето на работилницата е поправка на сопствените машини и приклучните машини за обработка на сопствената економија, како и вршење услуги на **кооперантите** во село Босилово, кои коопerираат со земјоделската задруга.

Работилницата е основана од страна на Земјоделската задруга „Црвена ѕвезда" од село Босилово.

Раководител на работилницата е Стојан Митев Алачев, кој не е овластен да ја потпишува.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-157/1 од 14-III-1967 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 78/67. (1104)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 54, страна 818, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Кавадарски грозд“ — Кавадарци — Продавница во село Сопот. Предмет на работењето на продавницата е трговија на мало со мешани индустриски и прехранбени производи.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Кавадарски грозд“ — Кавадарци со заклучок од 24-IV-1967 година.

Раководител на продавницата е Змејков Милутин.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 613 од 26-VI-1967 година. (1130)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 6-VI-1966 година, страна 100, реден број 1 е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Победа“, со седиште во село Иловица, Струмичко. Предмет на работењето на задругата е: организирање и унапредување на општественото земјоделско производство со воспоставување стопанска и друга деловна соработка со индивидуалните земјоделски производители (кооперација) заради насочување на истото; создавање социјалистички односи на село, покачување на продуктивноста на трудот, како и порационалноползување на средствата за работа со цел на интензивирање на земјоделското стоково производство.

Овластени лица за потпишување на задругата се: Никола Киров Митров, в.д. директор, Стојан Николов Стаменов, Божин Георѓиев Цветанов и Костадин Тодоров Митров.

Впишувањето се изврши во регистарот, врз основа записникот на основачкото собрание на задругата од 18-V-1966 година, кое го сочинуваат следните членови: Кочев Георгиев Кочо, Танчев Христов Ванчо, Митов Иванов Димитар, Јовчев Христов Вано, Стаменсковски Николов Стојан, Трендов Николов Александар, Трендов Николов Петруш, Георгиев Велков Мито, Андонов Илиев Ристо, Димитров Симеонов Дончо, Танчев Илиев Јордан, Стоилов Ефтимов Јордан, Стоилов Митров Стоил, Гелчев Петров Мито, Стојанов Стојан Георге, Стојчев Ангелов Стојче, Андонов Николов Доне, Ферадов Максудов Демирали, Танчев Стојанов Илија, Митров Христов Илија, Карамитров Динов Никола, Цветанов Георгиев Божин, Василев Стојанов Живко, Митров Тодоров Костадин, Цветков Атанасо Костадин, Гогов Атанасов Ѓорѓи, Караделев Стојчев Никола, Иванов Донев Илија, Велков Гацов Мирко, Митров Христов Георги, Цветков Илиев Александар, Георгиев Василев Петре, Георѓиев Златанов Спасе, Гелчев Донев Петар и Георгиев Трајков Ѓорѓи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 142/66. (1046)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 15-IV-1966 година, страна 56, реден број 11 е запишана под фирма: Фурна, со седиште во село Драгоево, Штипско. Премет на работењето на фурната е печење и продавање на црни и бели печива.

Фурната е основана од страна на Земјоделската задруга „Бандера“ од с. Драгоево, Штипско.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 440 од 1-IV-1966 година на задружниот совет на задругата и одобрението бр. 05-7693 од 13-I-1966 година, на Одделението за стопанство при Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 90/66. (1074)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 12-VI-1966 година, страна 53, реден број 9 е запишано проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Гоце Делчев“ од село Лесковица, Штипско, уште со: трговија на мало со прехранбени стоки; откуп на сите видови земјоделски производи што произлегуваат од земјоделието; откуп на шумски производи (огревни дрва); откуп на сточни производи и тоа: млеко и млечни производи, волна, кожи и сите други сточни производи, исклучиво на теренот.

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот врз основа одлуката од 20-IV-1966 година на задружниот совет на задругата и економската анализа на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 119/66. (1073)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 4, страна 45, книга I е запишано следното: Досегашниот потписник на Земјоделската задруга „Прогрес“ од Дебар, Неби Јани, директор, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов директор на Земјоделската задруга „Прогрес“ — Дебар е назначен Фејзули Идриз, кој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначениот потписник Шеху Осман, шеф на комерцијалната служба и старите регистрирани потписници: Аџи Војника, Полумб Ализоти и Атанас Дуковски, сметано од 11-V-1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 453 од 27-VI-1967 година. (1126)

---

